Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-117
Датум 10.04.2023година
Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија КЕЦ Штип со седиште Ул.„Лазар Личеновски " бр. 11 Скопје застапувано од управител Сашо Салтировски и со Записник број ИП1-08-117 од 10.04.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 174 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021)., го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува субјектот на надзор Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Штип да достави до Државен инспекторат за животна средина водостопанска согласност за поставен среднонапоски кабелски вод кои е поставен на ИЛ257 КП 887/2 КО Криви Дол мв Три Чешми.
2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90(деветдесет) дена од приемот на решението.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 174 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021).преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор надзор Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија КЕЦ Штип со седиште Ул.„Лазар Личеновски " бр. 11 Скопје застапувано од управител Сашо Салтировски и со Записник број ИП1-08-117 од 10.04.2023 година,, во кој е констатирано: 6) Во инспекцискиот надзор на ден 10 април 2023год од страна на преставникот на правното лице се достави документација:
-тековна состојба од 27.01.2023
-известување бр. 03-108/1 од 15.03.2023год.
-известување бр.11-629/3 од 04.04.2023год.
Од целокупната на увид документација се утврди следното: Среднонапоски вод кој се води на ИЛ257 КП 887/2 КО Криви Дол мв Три Чешми е веќе поставен на посочената парцела од страна на субјект на надзор. Со оглед на веќе воспоставена преписка со АД Водостопанство потребно е да се усогласи подземниот катастар на инсталациите со почитување на позитивни законски прописи.

Доколку среднонапонскиот кабел е покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските

Решение бр. ИП1-08-117
Датум 10.04.2023година

води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите потребно е да се обезбеди водостопанска согласност според член 174 од Закон за води.

Член 174

Водостопанска согласност

(1) Водостопанска согласност се издава заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

(2) Водостопанска согласност се издава и заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни водостопански објекти од членот 163 став (1) точка 1 на овој закон, со исклучок на браните.

(3) Со водостопанската согласност се утврдуваат водостопанските услови кои мораат да бидат реализирани во текот на градењето.

(4) Без водостопанска согласност не смее да се издаде одобрение за градба на објектите и постројките од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Водостопанската согласност од ставовите (1) и (2) на овој член не претставува правна основа за користење на вода.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број ИП1-08-117 од 10.04.2023година

Главен водостопански инспектор
Лидија Зафировска
рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год